Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 32, 1 декември 2009 година

декември 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент од наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во наставно-научно подрачје архитектура, урбанизам и планирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за група предмети од научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставници и соработници во сите звања за група предмети од електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........15

**РЕФЕРАТ** (издвоен) за избор на наставници и соработници во сите звања за група предмети од електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Здравствено и социјално осигурување“ од проф. д-р Јован Пејковски, наменет за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПЛАНИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, од 21.10.2009 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на **1 (еден) соработник (во звање помлад асистент/асистент)** за наставно-научната област **архитектура, урбанизам и планирање** по Конкурсот објавен на 1.10.2009 година во дневниот весник „Дневник”.

На Конкурсот, објавен на 1.10.2009 г. во дневниот весник „Дневник”, кој се однесуваше за избор на еден соработник (во звање помлад асистенит/асистент) се пријавија следниве кандидати:

1. м-р Цветанка Ристиќ, дипломиран сообраќаен инженер, насока Патен сообраќај и транспорт, родена на 12.5.1970 г. во Скопје;
2. Нада Опашинова, дипломиран инженер архитект, родена на 8.4.1953 г. во Берово;
3. м-р Александра Димоска, магистер на архитектура, родена 19.12.1982 г. во Прилеп;
4. м-р Роберт Лазаров, магистер на архитектура, роден на 9.10.1984 г. во Радовиш;
5. м-р Зорка Спасова, магистер на архитектура, родена на 31.12.1982 г. во Скопје.

По извршениот увид на пристигнатите пријави на гореспоменатиот Конкурс, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Според елементарните податоци за секој од петтемина пријавени кандидати, а имајќи ги предвид членовите 129 и 130 од Законот за високото образование, може да се констатира следново:

- кандидатката под реден број 2, Нада Опашинова, не ги исполнува законски пропишаните услови за избор во соработничко звање (нема научен степен магистер);
- кандидатката под реден број 1, м-р Цветанка Ристиќ, има завршено прв и втор циклус на студии несоодветни на наставно-научната област за која се бара соработник;
- кандидатот под реден број 4, м-р Роберт Лазаров, нема доставено комплетни документи согласно со огласот и не може да биде соодветно евалуиран.

Поради тоа, овие кандидати нема да бидат евалурани, а во продолжение на овој реферат ќе се осврнеме, пошироко, на двајцата кандидати кои ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање во наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање, секако врз основа на податоците од пристигнатите пријави.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Александра Димоска** е родена на 19 декември 1982 година во Прилеп. Основно и средно образование завршува во М. Каменица, а својата високообразовна едукација во целост ја стекнува на Универзитетот по архитектура, градежништво и геодезија во Софија (Р. Бугарија), Архитектонски факултет. На овој Факултет, посетува интегрирана програма во траење од 11 семестри (5,5 години), која успешно ја завршува на 15.2.2008 година, со добар (4,09) просечен среден успех. Стекнатата диплома, согласно со Одлуката за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство на МОН на Република Македонија, со број 09-8369/2 од 10.12.2008 година, на кандидатката ѝ се признава како документ за завршени постдипломски студии и стекнат академски степен **магистер по архитектура.**

Во фазата на студирање кандидатката учества на повеќе екстерни обуки и усовршувања од повеќе области, вклучително: заштита на архитектонското наследство, историја на високите згради, енергетски ефективна архитектура, конструкции и урбанизам.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Кандидатката м-р Александра Димоска уште во фазата на студирање, односно од април 2006 година била ангажирана во Архитектонското студио „Баухаус" во Софија, најпрво како стажант, а од април 2007 година како архитект-проектант. Во јули 2009 година, како архитект-проектант преоѓа во архитектонското студио „Сребреви" во Софија, каде работи до денес.

Во своето, речиси, тригодишно искуство како архитект-проектант, кандидатката учествува во голем број проекти на различни видови објекти, и тоа: индустриски објекти (3), станбени објекти за колективно домување (7), станбени објекти за времено користење (1), трговско-административни згради, ентериерни проекти (5) и урбанистички проекти (2).

**ПРИЛОГ 1**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Александра Димоска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| | | | |
| Проекти | 18 | 2 | 36 |
| ВКУПНО: | | | **40** |

*Биографски податоци*

Кандидатката **м-р Зорка Спасова** е родена на 31 декември 1982 година во Радовиш. Основно образование завршува во Радовиш, а стручно средно образование во Скопје. Додипломски и магистерски студии завршува на Универзитетот по архитектура, градежништво и геодезија во Софија (Р. Бугарија), Архитектонски факултет. На овој Факултет посетува интегрирана програма во траење од 11 семестри (5,5 години), која успешно ја завршува на 2.7.2008 година, со добар (3,83) просечен среден успех. Стекнатата диплома, согласно со Одлуката за признавање на високообразовна квалификација стекнтата во странство на МОН на Република Македонија, со број 09-4757/2 од 19.8.2008 година, на кандидатката ѝ се признава како документ за завршени постдипломски студии и стекнат академски степен **магистер по архитектура**.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Кандидатката м-р Зорка Спасова нема посетувано дополнителни обуки, ниту има работно искуство во областа на архитектурата и урбанизмот или во областа на образованието.

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на м-р Зорка Спасова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| | | | |
| **ВКУПНО:** | | | **4** |

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид гореизнесено, Комисијата може да констатира дека на Конкурсот за избор на еден соработник (помлад асистент/асистент) од научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки се пријавиле 2 (две) кандидатки кои може да бидат избрани како соработници во звање помлад асистент/асистент.

Професионалната посветеност и активност, просечниот успех од студирањето, работното искуство и стручните афинитети, ѝ даваат очигледна предност на кандидатката м-р Александра Димоска. Следствено, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере м-р Александра Димоска во звање помлад асистент за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање при Факултетот за природни и технички науки, Институт за архитектура и дизајн.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Благој Голомеов - претседател, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Панов - член, с.р.**
**Доц. д-р Дејан Мираковски - член, с.р.**